Ванчо ЃОРЃИЕВ

# СОСТОЈБАТА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1991–2000 ГОДИНА

Промените што настанаа во светот и во нашата земја во последната деценија на XX век во сферата на демократизацијата на општествените односи, воспоставувањето на повеќепартискиот систем, плурализмот во сопственоста, пазарното стопанство итн., неминовно ја наметнаа потребата од реформи и иновации во образовниот систем. Во тој контекст исто така стана неминовна потребата од нова наставна програма и нови учебници по историја. Во нив, наставните содржини требаше да бидат ослободени од монополитизираната идеологијата преку вградување на новите барања за современо образование и воспитание со општоцивилизациски достигнувања во историската наука. Тоа претпочиташе дека во наставната програма по историја ќе се вградат дидактичко-методски елементи засновани врз принципите на плуралистичкото и граѓанското општество.

По осамостојувањето на Република Македонија, во почетокот на 1991/92 учебна година, во основното образование беше применета нова наставна програма по историја. Истата била донесена на 30 август 1991 година од страна на Министерството за образование и физичка култура, а по предлог на Педагошкиот завод на Македонија и Педагошкиот совет.

Програмата е изградена врз единствениот модел на концентричниот принцип, а до израз доаѓаат уште и хронолошко-цикличниот, синхронистичкиот и делумно етнографскиот принцип. Преку концентрични кругови, наставните содржини се обработуваат на две нивоа (во основното и средното образование).

Во програмата се третираат содржини од историјата на македонскиот народ, како и малцинствата што живеат во Република Македонија. Освен тоа, застапена е ѝисторијата на македонското малцинство во другите делови од Македонија и во соседните земји. Соодветен третман имаат и историјата на балканските народи, европската и општосветската историја.

Преку континуираното хронолошко изучување на историјата учебниците се здобиваат со основни претстави за историјата на човештвото, за разните видови на верувања и религии, потоа на разните видови на социјално, економско и политичко организирање, како и за културната историја и нејзините достигнувања. Со тоа учениците имаат можност да се запознаат со основните и специфични карактеристики за секој период, но и за социјалните, културните, религиозните и етничките разлики. Програмата, иако има извесни недостатоци, главно нуди научно фундирани содржини, кои треба да обезбедат деполитизирана и деидеологизирана настава, како и примена на

адекватна, научно заснована периодизација и единствена терминологија како во општата така и во националната историја.

Во структурален поглед програмата ја сочинуваат:

– цели и задачи;
– програмски содржини;
– фонд на часови;
– дидактичко-методски упатства;

Во учебната 1991/92 и 1992/93 година имаше одредени забелешки од наставниците од албанска националност за недоволна застапеност на историјата на Албанците. Со одобрение на Педагошкиот совет од 22.12.1993 година, направени се измени и дополнувања, со што е даден поголем акцент на културната историја, а историјата на соседите балкански држави и особено на Албанците се изучува во континуитет.

Измените и дополнувањата се направени во рамките на задачата *„Растоварување на ученикот“*. Притоа целта е да се растоварат учениците од преголемиот фактографски материјал, да се поттикнат на критичко мислење самите да донесуваат заклучоци и да прават генерализација.

Преку програмските содржини се реализираат повеќе компоненти:

– правилно сфаќање и објаснување на историските настани, процеси и противречности во развојот на општеството;

– правилни ставови и заклучоци по прашањето на религијата, власта и војната.

– критички пристап спрема историските личности;

– критички пристап спрема цивилизациските и општочовечките вредности и достигнувања;

– развивање на хуманистички ставови.

Меѓутоа, со започнувањето на примената на новите наставни програми, од објективни причини навреме не беа обезбедени нови учебници. За таа цел на наставниците им е понуден *Зборник на материјали со наставни содржини и практични примери*. Истиот е отпечатен во второто полугодие на учебната 1991/92 година. Во наредната 1992 година од печат излезе вториот број од *Прилози за наставата по историја во основното и средното образование*, а во 1995 година и третиот број на *Прилози*.

За поуспешно реализирање на наставата по историја во текот на септември 1991 година за наставниците по историја се одржани еднодневни семинари во повеќе пунктови на кои е обработувана примената на новите наставни содржини, расправано е за проблемот со учебниците и како да се работи без учебник.

Веќе во учебната 1992/93 учебна година во употреба се пуштени 13 нови учебници по историја од кои:

– 4 за основно образование од V до VIII одделение;
– 2 за стручните училишта (I и II година);
– 4 за општојазична гимназија (I–IV), година;
– 3 за природноматематичка гимназија (I–III) година,

Меѓутоа, за кратко време по појавата на новите учебници, во нив беа констатирани извесни слабости и недостатоци од страна на учениците, наставниците, родителите, Педагошкиот завод на Македонија и други средини, а во поглед на стручната, педагошката, психолошката и дидактичко-методската компонираност.

Поради тоа проблемот со учебниците по историја е поставен на стручна трибина со тема „*Функцијата и примената на наставните програми и учениците по историја во основното и средото образование*", а која се одржа во текот на март 1995 година.

Во 1995 година е донесен нов концепт за развојот на основното образование, т.н. *План и програма за воспитно-образовната дејност на основното училиште* и *Содржина и организација на воспитно-образовната дејност*. Во јуни 1996 година започнат е процес за изготвување на нови наставни програми за сите предмети во основното образование од I до VIII одделение.

Во тој контекст е формирана комисија за изготвување на нова наставна програма по историја. Комисијата претходно има изготвено *концепција* во кој е вграден *моделот* на наставната програма по историја. Моделот настојува кај ученикот да се вгради свест за приврзан граѓанин кон македонската држава и тоа преку издигање на вредностите на независност, самостојност и демократија. Оваа концепција како документ е разгледана и прифатена од Стручниот колегиум на Педагошкиот завод (во потесен состав) и од министерот за образование и физичка култура.

Според својата структура, оваа наставна програма за историја за основното образование ја сочинуваат:

– цели и задачи;
– програмски содржини;
– знаења и способности;
– средства и активности;
– минимум на основни знаења; и
– упатство за реализација на програмата.

Во согласност со препораките од Советот на Европа, во новите наставни програми е направен обид за намалување на разликите помеѓу концептот на историското образование како акумулирање на знаења и сфаќањето според кое на историјата се гледа како на поле на ментална и емоционална активност. Општата и балканската историја се обработени низ регионален и компаративен пристап. Овој пристап овозможува да се даде приоритет на оние настани, процеси и личности што се од општо значење во регионот и кои имале значајна улога при определувањето на судбините на народите.

Пристапот во изучувањето на националната историја во континуитет е во тесна врска со образованието на малцинствата во нашата земја, а во исто време и гаранција за нејзино поврзување (таму каде што е можно) во поширок европски и светски контекст.

Со намера да се добијат повратни мислења од практиката, активот на стручни работници по историја има организирано неколку состаноци со наставници по историја во основното образование во текот на 1997 година. Предлозите и сугестиите се доставени до посебна Комисија која констатира-

ла дека понудената предлог-програма е општоприфатлива, дека програмата е заснована на нова концепција во која предност имаат регионалниот и компаративниот пристап, дека програмата е иновирана и посебно место им отстапува на мирот, благосостојбата, разбирањето, толеранцијата и добрососедството, дека програмата има за цел да изгради свест кај учениците за нивна припадност кон сопствената држава и на крајот констатирале дека оваа концепција произлегува од препораките на Советот на Европа.

Сепак, потребно е да истакнеме дека во овој период беше присутна и тенденција на намалување на часовите по историја за сметка на други предмети и содржини од општествен или граѓански карактер.

Од напред изнесеното, повеќе од очигледно е дека наставните планови и програми по историја, како и учебниците од овој предмет, повеќепати биле изложувани на критика и преиспитувања и се правеле обиди за нивни корекции и дополнувања.

Општа и генерална оценка е дека сепак е нужна промена како во наставните програми така и во учебниците. Според нас во наставните програми потребно е да се внесат повеќе содржини од културната историја – национална и светска, да има поголема застапеност на националното културно наследство, поопстојно изучување на религијата и нејзиното влијание врз општиот развој на човештвото и културата, да има повеќе простор за општоевропските и светски интегративни процеси.

Од друга страна, учебниците треба да се растоварат од преобемната фактографија, при нивното концепирање треба да се води строга сметка за возраста на учениците, за целосна деидеологизација и деполитизација, за примена на соодветна терминологија, за изоставање на придавките коишто можат да генерираат чувство на загрозеност, реваншизам, нетолеранција, непријателство и конфликти. Освен тоа, во учебниците треба да се обезбеди простор за повеќе илустративен материјал, за претставување на повеќе гледишта за иста проблематика и да има поголема научна заснованост на аргументите и фактите што се нудат.

Изучувањето на историјата од национален, регионален или друг поширок аспект треба да се заснова на научно фундирани и критичко проверени извори и литература за да може по хронолошки след да се презентира општествено-економскиот, политичкиот и културниот развој. Притоа треба да се откријат и да се презентираат општодвижечките сили што влечеле напред во развојот, но и она што го забавувало тој процес. Истовремено учениците треба да се оспособуваат низ призмата на современите погледи кон светот да ги откриват причинско-последичните врски во севкупниот историски развој. Од друга страна, со таквиот пристап кон националната и другата историја, учениците полесно ќе ги разберат современите политички настани кои водат кон општоевропска интеграција. Но, тоа не смее да биде на штета на сопствениот идентитет, напротив, кај учениците треба да се зацврсти љубовта и патриотизмот кон сопствениот народ и татковина, како и почитта и толеранцијата кон сите други народи и држави, почитувајќи ја сета нивна разноликост. Со други зборови, со проучувањето на историјата треба да се извлечат позитивни поуки кои ќе бидат во функција на севкупниот развој на татковината и воопшто на човештвото.

Имајќи го предвид сето тоа, Министерството за образование веќе презема и конкретни чекори. Во таа смисла, во рамките на реформата на средното стручно образование, преку Фаре програмата се издејствува изучување на историјата во две учебни години, наместо предвидената една. Така, во прва година ќе се изучува општа историја, а во втора историја на Македонија.

Понатаму, Министерството за образование во почетокот на септември 1999 година учествуваше на Конференцијата „Да ја разоружаме историја", што се одржа под покровителство на УНЕСКО во Визби – Шведска. Конференцијата претставуваше форум за размена на искуства и идеи помеѓу експерти, претставници на владини и невладини организации и асоцијации. Работата на конференцијата се одвиваше на пленарни сесии на следниве теми:

1. Состојбите во релевантните дела во борба против стереотипите и предрасудите во учебниците по историја во Југоисточна Европа – главен презентер професор Евангелос Кофос.

2. Презентација на релевантните програми од страна на меѓународни организации активни во регионот со проекти и активности на: Советот на Европа, Европската комисија (со Пактот за стабилност и Ројамон процесот), ЦИВИТАС, Евроклио, Центар за југоисточни студии.

3. Најнови откритија во историските истражувања во регионот:

а) Југоисточната европска цивилизација помеѓу синтезата и конфликтите, презентер Развен Теодореску.

б) Балканот создаден од Европа – балканските митови и стереотипи во имагинацијата на европјаните, презентер Светлана Мусакова.

4. Зајакнување на субрегионалната соработка во полето на наставата по историја и во продукцијата на учебниците: надминување на конфликтите преку испитување на учебниците и нивно споредување; кои мерки можат да бидат преземени на Балканот, главен презентер – Фалк Пингел.

На конференцијата имаше и две работилници на тема:

1. Нови приоди во пишувањето на учебниците по историја, модератор – Јоке ван Дер Луи-Роуд.

2. Негативни насочувачки концепти во учебниците по историја, модератор – Кристина Колоури.

По презентациите следеа дискусии од учесниците и презентации на конкретни искуства од соодветните земји.

Во рамките на активностите за подобрување на наставата по историја, Министерството за образование во соработка со Советот на Европа го организираше семинарот „Реформа на наставата по историја: наставни програми, учебници и обука на наставници", што се одржа во Маврово од 19 до 21 октомври 1999 година. На семинарот беа поканети професори и соработници од Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, Воената академија на АРМ, советниците за историја при Педагошкиот завод на Македонија, подрачни претставници на Министерството за образование, како и наставници по историја од основното и средното образование. Активно учество на семинарот зедоа и претставниците од Советот на Европа: Алисон Кардвел, Ен Лоу Бер, Анџеј Чрзановски и Јоке Ван Дер Лиу-Рорд.

Семинарот беше отворен и поздравен од министерот за образование д-р Ненад Новковски, што е уште една потврда за сериозната определба на Министерството за образование за иновирање и осовременување на наставата по историја. Во поздравниот говор министерот Новковски се заложи за креирање нов пристап и нови погледи во сфаќањето и презентирањето на историјата, која треба да помогне во рушењето на традиционалните бариери и во создавањето нови односи меѓу народите. Поради актуелноста, предаваме дел од искажувањето на г-н Новковски, кој во таа пригода, меѓу другото, истакна: „Знаеме дека образованието по историја е еден од клучните моменти за надминување на бариерите што постојат меѓу народите, кои традиционално и со илјадници години биле создавани. Денес промените се предизвикани од еден суштински нов елемент на реалноста, а тоа е глобализацијата на современото општество. Историјата онаква каква што досега сте ја разбирале не постои. Таа е завршена. Помеѓу групите луѓе повеќе не постојат физички бариери, затоа што своите ставови и идеи без никакви ограничувања можат да ги пренесуваат низ целата земјина топка. Значи, останува само да се утврди начинот на којшто луѓето ќе комуницираат меѓу себе. Отсега причините за односите меѓу луѓето не се сведуваат на чисто физичките фактори како што се: неможноста за транспорт на материјали и идеи на далечина, туку резултат на воведените ограничувања во општествената сфера, во општествената свест на различните групи луѓе и различните народи.

Оттука, новото раскажување на историјата на децата мора да тргнува од новата реалност дека земјата ни е единствена татковина и дека ние можеме да соработуваме ако тоа го сакаме. Техничките можности се развиени во огромна мера, а јазичките бариери можат да се надминат не само со знаења, туку и со сè посовремените технологии во оваа област. Повеќе нема оправдувања за да имаме непријатели насекаде. Едноставно мораме одново да почнеме да создаваме приод кон општествената реалност, кон минатото на општеството и тоа не како минато што треба да го поврзуваме со иднината, туку кое треба да го земеме како историско искуство за најголем дел од работите што веќе се завршени.

Расел рекол:

'Историјата на народите нè учи дека народите никогаш ништо не научиле од историјата'. Но тоа веќе не може да биде вистина. Тоа се менува. Тоа го видовме во кризата во поранешна Југославија и со нејзиното завршување на Косово. Видовме дека историјата не може постојано да се повторува. Благодарение на заложбите на ЕУ и благодарение на развиената соработка помеѓу одделните групи во Република Македонија, Македонија беше онаа граница каде што војната запре, иако во историјата нашата земја постојано била третирана како буре барут. Тоа е конкретен пример дека историјата не може да се повторува. Не барем на ист начин. Тоа значи дека имаме перспектива знаењата од минатото да ги употребиме за добро на генерациите во иднина.

Сите вие тука сте стручњаци од областа на историјата. Сите многу добро ги знаете најразличните детали за различни историски настани и епохи, но треба да водите сметка дека сето тоа треба да биде во функција на развивање на такви личности што ќе бидат подготвени за една глобална комуни-

кација. Тоа е исто како во секоја друга област, да речеме и во некои технички предмети. Знаеме дека најголем дел од учениците не се многу среќни со предавањата на историјата поради учењето на огромен број датуми и тоа не е неопходно, како што во техиката не е неопходно да се учат предметите, сите можни дебелини на жици и осигурувачи, вредности на отпорници или кондензатори, различни производители на електрични материјали и слично. Сето тоа се наоѓа во каталози. Она што им е потребно на учениците и студентите е како да се користат со таквите каталози, како тие знаења да ги употребуваат. Тоа, исто така, е еден од начините да се збогати наставата по историја и да и се даде можност таа да стане многу поинтересна и попримамлива во практиката.“

Работата на семинарот се одвиваше во пленарни сесии и во работилници. Покрај домашните излагачи, настапија и учесниците од Советот на Европа. На тој начин семинарот имаше и меѓународна димензија. За учесниците на семинарот мошне корисно и интересно беше тоа што за одредените теми имаше презентации од домашни автори, а веднаш потоа за истата област странските експерти презентираа одредени искуства од различни земји во Европа, по што следеа и дискусии.

На семинарот беа презентирани следниве теми:

1. Состојбата во наставата по историја во Република Македонија, презентер – м-р Ванчо Ѓорѓиев,

2. Наставната програма по историја – имплементација на целите во училиштата, презентер – д-р Михајло Миноски.

3. Ревидираната англиска национална наставна програма за историја, презентер – Ен Лоу-Бер.

4. Учебиците по историја во Република Македонија, презентер – Јосиф Милчевски.

5. Подготовка и издавање на учебници и нивна примена во училница, презентација на Анджеј Чрзановски.

6. Иницијалната (базична) и перманентна обука на наставниците по историја во Република Македонија, презентер – д-р Даринка Петреска.

7. Иницијалната (базична) и перманентна обука на наставниците по историја од страна на ЕВРОКЛИО и организирањето здруженија на наставници по историја, презентер – Јоке Ван Дер Лиу-Рорд.

На семинарот паралелно се одвиваа и три работилници. Во првата предмет на анализа беше наставната програма за историја, во втората учебниците по историја и во третата обуката на наставниците по историја.

Во првата работилница се работеше по следниве прашања:

1. Кои се главите цели во наставата по историја во земјата?

2. Дали наставната програма одговара на целите на наставата по историја во земјата?

3. Дали сегашната наставна програма може да се подобри и ако може – како?

4. Како се третирани контроверзните и чуствителни прашања во наставната програма?

Втората работилница ги разгледуваше прашањата:

1. Каде се подготвуваат учебниците и од кого?

2. Дали учебниците се во согласност со наставната програма?

3. Можности за избор на повеќе учебници.

4. Дали учебниците треба да бидат одобрени пред да се употребат во училиште?

5. Дали иновинираните учебници би помогнале во наставата по историја, особено за контроверзните и чувствителните прашања во земјата?

Во исто време третата работилница ги разгледа прашањата:

1. Содржините на базичната обука на наставниците по историја.

2. Дали перманентната обука е задолжителна и колку често наставниците треба да следат таква обука?

3. Кои се инструкторите и каде се одвива обуката?

4. Дали оценувањето на наставниците по историја треба да се спроведува редовно и од кого?

5. Како може да се подобри обуката?

Препораките и заклучоците од работилниците и другите дискусии беа сумирани и им беа претставени на сите учесници на семинарот. Учесниците на семинарот се согласија дека е потребна иновација и модернизација на наставните програми и на учебниците по историја, но во исто време е потребна и перманентна обука на наставниците.

Како резултат на сето тоа, Министерството за образование и Педагошкиот завод на Македонија веќе преземаат конкретни чекори. Во овој момент се прави преиспитување и осовременување на наставната програма по историја за петто одделение која била донесена со решение на министерот за образование бр. 10-1356/19 од 7.5.1998 година, а сè уште не е во примена. Веднаш потоа ќе се започне со преиспитување и осовременување на наставните програми по историја за другите одделенија во основното образование, а перспективно и во средното.